# КАТАЛОГ

ОЗТ ЦЕНТАР
ЗА КУЛТУРА
И ИНФОРМАЦИИ
СКОПЈЕ

# ВИОЛЕТА МИТРУШИЌ-ЛАБАТ

## НОВИ САД

## СКУЛПТУРИ

# РАДУЛЕ БОШКОВИЌ

## НОВИ САД

## ГРАФИКИ И ЦРТЕЖИ

Изложбен салон I на Центарот

**18 — 30. IV. 1983 година**



**ВИОЛЕТА МИТРУШИЌ ЛАБАТ**

Родена 1953 во Белград. Академија за ликовна уметност завршила во Нови Сад 1979 во класата на проф. Љубомир Денковиќ и Јован Солдатовиќ. Член е на УЛУС од 1982.

Живее и работи во Белград и Нови Сад како самостоен уметник.

Адреса: 11000 Белград, Петроварадинска 1, 011/426-796
21000 Нови Сад, Милетиќева 45, 021/20-217



Уште на самиот почеток на обидот за толкувањето на вајарското дело на Виолета Лабат ќе се сретнеме со низа противречности, што се и знак и код повеќе во логиката на постојаното преиспитување. Ако е тој патот во естетичкото сомневање од кој лудува вителот на напнатите брчки, сигурно е тоа и извесна хиерархија на претпоставената логика, пред сè, занес во рамките на постојното да се прозборува со јазикот на целосното настанување, а не и на исходот по секоја цена. Од таквиот, јасно верификуваниот став преку вајарскиот гест на овој автор, ќе има повеќе алтернативи за и против јасната вајарска мимика. Во вжарената утроба на титанот го гаси огнот ледената статуа. И кога побогатата и посложена визија на алтернативниот пат ќе ја соопшти, тоа ќе биде обединет и усогласен стремеж на особениот и остар менталитет на авторот да ја расправа и проширува можната комуникација на повеќе нивоа, со покомплексни третмани и феномени на новата енергија од новиот дах на расказот. Во фокусот на синтезата на таквата нарација, во притаената природа на процесот на создавањето, претставува континуитет неговото материјално овоплотување на монументалната визија на ересот на палеолитикот и монументалното значење на архетипското во процесот — процепот на создавањето — на претчувствувањата. Така во слоевите повеќекратно ќе се обновува поприштето на автентичната волшебност, префинета и мудра, од комбинираните, наследените елементи да се оствари една специфична маскирана митологија на која еднакво лицемерно ќе ѝ се поклонуваат и минатото и современоста и од чии наследени и претчувствувани искуства ќе се оствари нова единица за препознавање во рамките на блиското, на познатото и на достапното. За скулптурите на Виолета Лабат зборуваа со аспект на авторовото кредо, толкувајќи ја филозофијата на ликовниот порив и постапка како невидлива логика на историскиот поттекст, која ја назначи Морус или авторите како Фуко. Само така е можно да се види, но тоа е дистанцирана авторова визија. Означувањето за еротичното стои, но не е ниту суштествен ниту пресуден предусловот на толкувањето. По тој основ лесно е препознавачки и плодот, зрното, но и таквото толкување без контекст е еднострано и упропастено видување. Авторот не бега од формалните решенија на скулптурата, тој гротескно и пародично сведочи за еруптивното психолошко празнење, инспирирано и без респект кон установените и шематизирани ракурси на излитената ликовна дескрипција на критичарот.

Зоран ГАШИ



**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:**

1983 — Нови Сад

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:**

1979 — Нови Сад, Завршна изложба на АЛУ, Нови Сад

1981 — Ријека, Југословенско биенале на млади уметници

1981 — Нови Сад, 10. октомвриски салон

1982 — Сремска Митровица, 7. сремскомитровачки салон

1982 — Будимпешта, Лоѓ, Познањ, Млада југословенска уметност

1982 — Нови Сад, 11. новосадски салон

1982 — Нови Сад, Млади ликовни уметници на Војводина по повод 17 конференција на ССМВ

1982 — Белград, Есенски салон на членовите на УЛУС

1983 — Белград, Чачак, Цртеж и мала пластика

**НАГРАДИ:**

Откупна награда на изложбата Цртеж и мала пластика Белград 1983.

**КАТАЛОГ:**

1. ИСЧЕКУВАЊЕ, бетон, 32 x 33 x 21
2. СИЈАМСКИ МАЈКИ, полиестер, 29 x 29 x 20
3. ОДМАРАЊЕ . . . . . . , бетон, 33 x 44 x 18
4. ПРЕД ОГЛЕДАЛО, бетон, 35 x 18 x 37
5. ПРЕУРЕДЕН СТАН, полиестер, 45 x 31 x 20
6. ПЛОД . . . . . , бетон, 36 x 36 x 18
7. ТОЧКИЦИ, полиестер, 63 x 53 x 28
8. ПОМЕСТУВАЊЕ, бетон, 32 x 35 x 17
9. ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ПРИРОДАТА, бетон, 34 x 30 x 24
10. СЕД, полиестер, 29 x 29 x 15
11. НЕЈЗИНАТА ПРИРОДА, полиестер, 31 x 33 x 17

Сите дела настанати се во периодот од 1979 до 1983.



**РАДУЛЕ БОШКОВИЌ**

Роден 1954 во Нови Сад. Факултет за применети уметности завршил во Белград 1978, отсек графика, во класата на проф. Богдан Кршиќ и Бранислав Макеша. Член е на УЛУВ од 1979.

Учествувал на повеќе групни изложби во земјава и во странство.

Самостојно излагал во Марибор и Нови Сад 1982.

Радуле Бошковиќ е еден од поинтересните графичари што се појави во последниве години во новосадската средина. Во перманентното преиспитување, па во доизградувањето на ликовниот израз Бошковиќ вложува виден, решителен напор да го досегне, доизгради својот мисловно-чувствителен свет. Во прецизно осмислената внатрешна логика која се обидуваме да ја назначиме, Бошковиќ подразбира некаква фабула, драматично настанување кое, пред сè, е континуирана претстава, настанување, би рекол можен „никулец на поврзување" на основата за изградба на таквата ликовна визија. Карактеристично за овој автор е забележувањето на влијанието на времето, мирисот на темното катче, но не како случаен избор, не како примитивен импулс, не како чистота на срцето, туку како осмислено трагање по скриената смисла, по слоевитиот процес на откривањето на правилата на играта. Она во што ќе се уверат гледачите со површниот поглед врз графиките на овој автор секако е неговиот речиси правилно назначен процес на преиспитувањето низ односите на површината и линијата кои не си конкурираат една со друга, таа специфична линија која потсетува на испреплеткани конченца. Во таквата алтернативна варијанта Бошковиќ нуди низа интересни и сосема особени ликовни решенија. Не бегајќи од провокацијата поттикната од резигнираниот внатрешен повод, авторот ја подразбира, во графичките листови ја олицетворува, не низ духот на потсвесното и ирационалното, туку низ посредуваното, таинственото, магијата на претскажувачот, шанса која ја користи уметникот да го пројави претчувството. Но, таквата конструкција не се исцрпува и не се завршува со потврден крај како апотеза на сигурноста дека е токму така. Сведочејќи на особен, драматичен начин, авторот ја нуди шифрата која при обидот да ја примениме во следната серија останува како отворено око што не трепнува, не гледа. Јасно е дека шифрата за определена серија е единствена и непременлива во варијанта. Напорот што треба да се вложи за да се оствари целосен контакт е повеќе состојба во толкувањето на графичкиот гест. Бошковиќ не нуди решение, не дава совет, тој скриено, со сила на киселина што нагризува потсетува кои сме, што сме и можеби каде одиме.

Зоран ГАШИ



**НАГРАДИ:**

— Откупна награда на СИЗ на културата на СР Србија на Октомврискиот салон во Белград, 1978.

— Откупна награда, Ликовна средба, Суботица, 1979.

— Откупна награда на Ликовниот салон „13 Новембар", Цетиње, 1980.

**ГРАФИКИ:**

1. ОДМОР, литографија, 55 x 50, 1978
2. ФУТУРИСТ, акватинта, 55 x 40, 1978
3. СТАР МАЕСТРО, акватинта, 75 x 56, 1978
4. МУЗИЧКА КУТИЈА, акватинта, 76 x 56, 1978
5. ПОРАКИ, акватинта, 64 x 48, 1979
6. ЧАРОЛИИ, линорез, 65,5 x 50,5, 1979
7. ЗАСПАНАТА ПЕНЕЛОПА, линорез, 50,5 x 42, 1979
8. ЕПУР СИ МУОВЕ, акватинта, 76 x 64, 1981
9. МЕСЕЧЕВА РЕКА, акватинта, 76 x 56, 1981
10. АПЕТИТ, акватинта, 76 x 56, 1981
11. ПАНДОРОВА КУТИЈА, акватинта, 76 x 56, 1982
12. ТАЈНА, акватинта, 70 x 54, 1982
13. ВАРИЕТЕТ, монотипија, 76 x 56, 1982
14. ВО ИГРА, линорез, 71 x 57, 1977
15. ПРОКСИМА КЕНТАУРИ, линорез, 48 x 45, 1978
16. СОН НА ЛЕТНАТА НОЌ, комбинирана техника, 50,5 x 42, 1983

**ЦРТЕЖИ (графичка припрема)**

1. НЕКОЕ ДРУГО ВРЕМЕ, комбинирана техника, 76 x 56, 1982
2. РЕТРОСПЕКТИВА, комб. техника, 76 x 56, 1982
3. ПАТОКАЗ, комб. техника, 56 x 76, 1982
4. Л ДЕЖНЕ СИР ЛЕРБ, комб. техника, 76 x 56, 1982
5. СТОПИРАН ПРОЦЕС, комб. техника, 76 x 56, 1982
6. НЕКОЕ ДРУГО ВРЕМЕ II, комб. техника, 76 x 56, 1983


Radule Bošković /81

Организатор:

Центар за култура и информации — Скопје

Печат: „Стопански весник" — Скопје

Тираж: 400